**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

Број: 08 - 431/1
Датум: 24-02-2025
СКОПЈЕ

Врз основа на член 163 Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 82/2018), Одлуката донесена на Наставно-научниот совет бр. 02-361/22 од 19.2.2024 година и член 59 од Статутот на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје (Универзитетски гласник бр. 457/2019), деканот на Факултетот распишува

# ОГЛАС
за избор на демонстратор

За летниот семестар од учебната 2024/2025 година се распишува оглас за избор на 1 демонстратор за ***аудиториски и лабораториски вежби*** по предметите од студиските програми што ги сервисира **Институтот за КТИ.**

Кандидатот треба да ги исполнуваат општите услови утврдени со Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 82/2018) и посебните услови утврдени во Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411/2018).

Кон пријавата кандидатот треба да достави:
- куса биографија,
- уверение за завршен прв циклус студии со просечна оцена од најмалку 8,00 (осум),
- доказ дека е студент на втор или трет циклус студии.

Кандидатот пријавата и прилозите за исполнетоста на условите утврдени со огласот ја поднесува во архивата на ФЕИТ најдоцна во рок од 5 (пет) дена од денот на објавување на огласот.

Декан
Проф. д-р Владимир Атанасовски